# Винарска Визба Тиквеш

TIKVEŠ
SINCE 1885

*Врвно од Македонија*

Винарската визба Тиквеш е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со деценении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.

ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, СТЕ СИГУРНИ ДЕКА ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ ИЗВОНРЕДНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

## ПРОДАЖЕН АСИСТЕНТ ВО ВИНСКА ПРОДАВНИЦА
## (Кавадарци)

**Профил на кандидатот:**

- Високо образование
- Одлично познавање на англиски јазик
- Добро познавање на Microsoft Office
- Одлични комуникациски вештини
- Поседување на винска едукација би се сметало за предност
- Висок личен интегритет и деловна култура

**Клучни одговорности:**

- Воспоставување професионален однос и ориентираност кон клиентите
- Прием, складирање и обезбедување на правилно изложување на артиклите
- Обезбедување на навремена и соодветна асистенција на клиентите при донесување на одлука или пронаоѓање на конкретен производ
- Водење грижа за асортиманот на производите во продавницата
- Водење евиденција на документација
- Водење грижа за имиџот на компанијата

**Винарска визба Тиквеш нуди одлични услови за работа и можности за обуки и кариерен развој. Изборот ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.**

**Ако сте заинтересирани и ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме испратете го вашето резиме (CV) на следната емаил адреса: kariera@tikves.com.mk најдоцна до 14.03.2021 година.**

